**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови на колективно осигурување за операции

УС-копе
19-10-мк

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

### член 1: колективно осигурување на операции

[1] Колективно осигурување на операции (во продолжение: колективно осигурување) е доброволно здравствено осигурување согласно Општите услови на осигурување на операции (во продолжение: Општи услови) и Посебните услови на колективно осигурување на операции (во продолжение: Посебни услови).

### член 2: дефинирање на термини

[1] Термините во Посебните услови го имаат следното значење:
1) **Посебни услови** се Посебни услови на колективно осигурување за операции;
2) **изјава за прием во осигурување** е писмена изјава на осигуреникот за пристапување кон колективно осигурување утврдена од осигурителното друштво;
3) **Општи услови** се Општи услови на осигурување за операции;
4) **договарач** е правно лице - работодавец кој со осигурителното друштво склучил договор за осигурување и се обврзал дека ќе ја плаќа осигурителната премија од свои средства или ќе ја задржува од средствата на осигурениците.

## КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ОСИГУРА

### член 3: лица кои можат да се осигурат

[1] Можат да се осигурат лица со живеалиште во Република Македонија и кои кај Договарачот се вработени на неопределено или определено време.
[2] Во колективно осигурување не можат да се вклучат лицата кои за време на склучување на договор за осигурување се на боледување врз основа на решение од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. За истите осигурителното покритие ќе почне по завршување на боледувањето.
[3] Возраста на осигуреникот на почетокот на колективното осигурување може да биде најмногу 64 години ако во договорот за осигурување не е договорено поинаку. Лицата над 64 години можат да пристапат кон индивидуално осигурување.
[4] Ако е посебно договорено во договорот за осигурување, можат да се осигурат и членовите на семејството на осигуреникот: брачен или вонбрачен партнер и деца до наполнети 18 години односно до 26 години ако тие сеуште редовно се школуваат.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ И ИСКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ

### член 4: ограничувања на обврските на осигурителното друштво

[1] Во една осигурителна година осигурителното друштво на осигуреникот ќе му исплати осигурување за извршени операции во вкупен износ најмногу до висината на годишниот осигурителен износ (сума на осигурување).
[2] Пренесување на неискористениот осигурителен износ од претходна осигурителна година не е можно.

## СКЛУЧУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА КОЛЕКТИВНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

### член 5: склучување на договор за осигурување и на колективно осигурување

[1] Договорот за осигурување се склучува врз основа на понудата која осигурителното друштво ќе ја состави одделно за Договарачот во зависност од неговата дејност и од видот на работите кои можат да се осигурат.
[2] За склучен договор за осигурување осигурителното друштво на Договарачот му издава осигурителна полиса во еден примерок, освен ако поинаку не е договорено.
[3] При пристапување кон колективно осигурување за Договарач со помалку од 50 вработени, секој осигуреник е должен да пополни Прашалник за здравствена состојба и прилог документацијата.
[4] При пристапување кон колективно осигурување за Договарач со повеќе од 50 вработени осигуреникот ја пополнува и ја потпишува изјавата за прием во осигурување која може да ја содржи изјавата за здравствената состојба на осигуреникот. Ако податоците од изјавата за здравствена состојба на осигуреникот не се доволни за прием во колективно осигурување, осигурителното друштво може од осигуреникот да бара пополнување на прашалник за здравствена состојба. Ново вработениот може да пристапи во колективно осигурување за времетраење на договорот за осигурување под исти услови како останатите осигуреници ако се осигура во рок од 30 дена од денот на вработувањето.
[5] Осигурени се само лицата наведени по име, презиме и датум на раѓање во осигурителната полиса или во списокот - прилог на осигурителната полиса и кој претставува нејзин составен дел.
[6] За склученото колективно осигурување осигурителното друштво може на барање на Договарачот да му издаде потврда.
[7] Доколку во Понудата за колективно здравствено осигурување е дозволено осигурување на членови на семејство, при пристапувањето во осигурување секој осигуреник е должен да пополни Прашалник за здравствена состојба и прилог документацијата.

### член 6: траење на колективно осигурување

[1] Ако за времетраење на договорот за осигурување нововработениот се осигура во рок од 30 дена од денот на вработувањето, за него колективното осигурување започнува во 00:00 часот од првиот ден во наредниот месец по датумот на приемот во колективно осигурување, освен ако поинаку не е договорено.
[2] Колективното осигурување престанува со датумот на престанок на работниот однос. Доколку Осигурувачот исплатил надомест од осигурување бидејќи немал сознание дека работниот однос престанал го задржува правото да бара враќање на наплатениот износ од осигуреникот.

### член 7: престанок на договор за осигурување и на колективно осигурување

[1] Колективно осигурување на осигуреникот му престанува заради престанок на договорот за вработување.

## ОСИГУРИТЕЛНА ПРЕМИЈА

### член 8: осигурителна премија

[1] Осигурителната премија е годишна, се плаќа однапред во еднократен износ, освен ако во договорот за осигурување не е поинаку договорено.

[2] Договарачот е должен да ја плати осигурителната премија за сите осигуреници и за цело времетраење на колективното осигурување.

[3] Висината на осигурителната премија на осигуреникот зависи од дејноста на Договарачот и од бројот и уделот на лицата кои пристапуваат кон колективно осигурување, од старосната структура на тие лица и од видот на работите кои истите ги извршуваат. На висината на осигурителната премија можат да влијаат и други фактори кои ги утврдува осигурителното друштво (на пр. здравствена состојба на осигуреници, изминати штетни настани и сл.).

[4] Осигурителното друштво може за времетраење на договорот за осигурување при секое вклучување односно исклучување на осигуреник заради измена на причините кои влијаат на одредување на висината на осигурителната премија, повторно да ја пресметува висината на осигурителната премија.

[5] Осигурителната премија кај договорувач со над 50 вработени утврдена при склучување на договор за осигурување важи и при флуктуација на вработени плус или минус од 5%, освен доколку не е договорено поинаку.

[6] Ако на осигуреникот колективното осигурување му престане заради престанок на договор за вработување, осигурителното друштво има право да ја наплати осигурителната премија до крајот на месецот во кој настапил престанок на договорот за вработување, додека пак ако сразмерниот дел од однапред платениот износ на осигурителната премија е повисок од трошокот што би настанал кај осигурителното друштво со враќање на сразмерниот дел, истиот му се враќа на Договарачот.

## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

### член 9: обработка на лични податоци

[1] Осигуреникот со пополнување на изјава за прием во осигурување, му дозволува на осигурувачот согласно прописите што го регулираат осигурувањето, правата на потрошувачите и заштитата на личните податоци, да ги обработува неговите лични податоци од договорот за осигурување во земјата и во странство. Осигуреникот му дозволува на осигурувачот за потребите за спроведување на договорот за осигурување да собира и обработува податоци за неговата здравствена состојба во земјата и во странство, вклучувајќи ги со тоа и овластените лица на осигурувачот да ја обработуваат здравствената документација на осигуреникот, да ги доставуваат податоците до осигурувачот како и проверка на точноста и промените на личните податоци во здравствените установи и други правни и физички лица, кои располагаат со тие податоци.

[2] Осигуреникот со пополнување на изјавата за прием во осигурување, му дозволува на осигурувачот и неговиот договорен обработувач на личните податоци во согласност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член, само за потребите за спроведување на договорот за осигурување. Договарачот на осигурувањето само со давање на изречна согласност може да му дозволи на осигурувачот согласно со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член, освен податоците за здравствената состојба, во цели за обработка и непосреден маркетинг за себе и поврзани друштва во земјата и странство.

[3] Осигуреникот може дозволата од претходниот став на овој член во секој момент бесплатно, трајно или привремено да ја отповика со писмено барање, пратено на адреса на осигурувачот.

[4] Личните податоци од став 1 и 2 од овој член освен податоците за здравствената состојба можат да ги обработуваат и овластени лица за застапување и посредување како и договорните обработувачи на лични податоци.

### член 10: чување на лични податоци

[1] Личните податоци осигурувачот ги чува во согласност со прописите за заштитата на личните податоци и интерните акти за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### член 11: посебни услови

[1] Посебните услови, заедно со Општите услови за осигурување на операции, се составен дел од договорот за осигурување со кој се регулирани односите помеѓу Договарачот, осигуреникот и осигурителното друштво.

### член 12: други документи на договорот за осигурување

[1] Изјавата за прием во осигурување претставува составен дел на договорот за осигурување.

### член 13: измена на договор за осигурување

[1] За времетраење на договорот за осигурување осигурителното друштво го задржува правото да ја измени осигурителната премија утврдена при склучување на договорот за осигурување, без право на откажување, ако заради нови вклучувања односно исклучувања на осигуреници осигурителната премија утврдена при склучување на договорот за осигурување се измени за повеќе од 5%, при што измената важи од првиот ден во наредниот месец од датумот на измената.